РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: | 15-05-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 650/1 | | |

До
Општина Валандово
shristova@t.mk
administracija@valandovo.gov.mk
vlatko.lazov@live.com

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
Адреса: [redacted]
Email: [redacted]
Тел.број [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

***СОС линија*** **(чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

1. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
2. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
3. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
4. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата СОС линија во 2026 и 2027 година?

***Услуга за советување*** **(чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

5. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)

**Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство**

17. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
18. Колку финансиски средства биле доделени на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
19. Колкав е бројот на жртви на родово базирано и семејно насилство кои биле опфатени со овој тип на помош во 2022, 2023 и 2024? (да се наведат податоците поделени по година, и пол на жртва)
20. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство 2026 и 2027 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**г) електронски запис**

- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**г) е-маил**

- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во [redacted] 12 мај 2025 година .**

**Потпис**

______________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

***Во прилог известување од*** [redacted]

[redacted]

Почитувани,

[redacted] во рамките на проектот [redacted] поддржан од Австриската агенција за развој (АДА), спроведува истражување за цените на услугите поврзани со насилство врз жени и семејно насилство во Република Северна Македонија и Западен Балкан.

Истражувањето има за цел да креира и предложи конкретни препораки за буџетите на надлежните институции за реалните трошоци поврзани со обезбедувањето услуги за справување со насилство врз жени и семејно насилство, во согласност со Истанбулската конвенција. Истражувањето се спроведува во 6 земји од Западен Балкан, односно Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија. За секоја од земјите ќе се подготви засебен извештај согласно наодите и препораките од истражувањето, а дополнително ќе се подготви и извештај на ниво на Западен Балкан кој ќе ги содржи клучните наоди и препораки од сите 6 земји.

За потребите на истражувањето се ангажирани надворешни експертки/ истражувачки. Овој документ се користи од истражувачките во процесот на спроведување на истражувањето, како придружен документ на истражувачките алатки или други аспекти на истражувачкиот процес. Документот служи да потврди дека лицето кое го користи истиот е ангажирано од [redacted] и постапува за потребите на истражувањето.

Со почит

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-650/2
20-05 2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

До

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 12.05.2025 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 12.05.2025 година, заведено под бр. 10-650/1од 15.05.2025 година, Ве известуваме дека Општина Валандово во 2022-ра, 2023-та, 2024-та и 2025 -та година :

-нема одобрени средства за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата за С.О.С. линија за жени, жртви на семејно насилство;

-нема одобрено средства за услуги за советување за жени, жртви на семејно насилство;

-нема одобрено средства за услуги за привремен престој за жени, жртви на семејно насилство;

-нема одобрено средства за услуги за бесплатна правна помош за жени, жртви на семејно насилство;

-нема одобрено средства за услуги за советување за жени, жртви на семејно насилство;за жени, жртви на семејно насилство;

-нема одобрено финансиска помош за жртви народово базирано и семејно насилство;

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со
информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ

[redacted]